Тони Димков    Ивана Кузмановска



# ЧУДНАТА ВРСКА МЃУ ЧОВЕКОТ И ГРАДОТ

**ИДЕЈА, ИСКУСТВО И ТАЛЕНТ, СПОРЕД МАТЕЈ БОГДАНОВСКИ, СЕ ТРИТЕ НАЈВАЖНИ РАБОТИ ЗА СЕКОЈ УМЕТНИК. ГРАДСКОТО ДЕТЕ НА СКОПСКАТА ЛИКОВНА СЦЕНА СО СВОЕТО ТВОРЕШТВО ПОВЕЌЕПАТИ ДОКАЖА ДЕКА ТОА НАВИСТИНА Е ТАКА**

Ликовниот уметник Матеј Богдановски е еден од младите урбани ликови кои својата инспирација ја пронаоѓаат во градот во кој се родени и во кој живеат. Но, и градот се огледува во нивните дела. Тивко, без многу 'чалам', Богдановски го гради своето уметничко портфолио. Веќе има осум самостојни и повеќе групни изложби. Заврши постдипломски студии на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, но многу побитно му е лугето да ги препознаат неговите дела, а не неговата титула. Досега постави изложби со дела во различни техники, и масло на платно („Каде вечерва?“, 2008), и фотографии („Лица и места“, 2010), и стрип („КШШЦ“, 2010). Повремено пушта музика по скопските кафулиња, но дицејството го работи како хоби. Во потрага по заедничката точка за сите негови активности, на прашањата на LIFE, со манир на млад мудрец, Матеј Богдановски одговори едноставно и скромно, но со голема доза на уметничко искуство и личен став за светот околу себе.

**Каде може да се најде, или каде се наоѓа тежишната точка на сликарот, фотографот, дицејот и стрип-цртачот Матеј Богдановски?**
Сето тоа се гранки од едно исто дрво, чии корени се наоѓаат длабоко во потребата да се изразам. Плодовите на тие гранки се храна за духот, на оние кои ја сакаат уметноста.

**Најчесто ве сретнуваме во ликовното творештво. Колку ликовноста го исполнува вашиот секојдневен живот? Каде ги препознавате и каде ги пронаоѓате ликовните елементи околу себе?**
Визуелец не е определба или избор, туку нешто со што се раѓаш. Но, тоа истотака треба и да се развива и да се култивира, особено оние кои сакаат да се занимаваат со ликовни уметности. Преку визуелното, пред сè, го доживувам светот во мене и околу мене, и низ визуелното најдобро го изразувам доживеаното. Сè гледам како форма, боја, количество на светлина...

**Фотографиите ги создавате со некои „чудни“ фотоапарати! Каде успевате да ги пронајдете тие апарати?**
Технологијата секогаш оди напред и секоја година излегуваат нови и посовршени фотоапарати со сите модерни додатоци. Но, вашиот апарат колку и да е последен крик на технологијата, нема да направи многу ако го немате оној „чуден“ додаток, составен од идеја, искуство и талент. Фотоапаратот што го користам е солиден и не е ништо особено во таа техничка смисла, но го имам овој „чуднов“ додаток.

**Вашите пријатели често ги гледаме во вашите дела, најчесто фотографии. Колку долго го подготвувавте проектот „Лица и места“ и колку пријатели учествуваа во него?**
Изложбата „Лица и места“ е изборот од фотографии што ги правев изминативе 3-4 години. Фотографиите настануваа спонтано, во одреден момент кога некоја ситуација ми изгледаше визуелно привлечна и сакав да ја зачувам. Претежно тоа беа градски простори и портрети.









**Како течеше уметничката соработка на пријателска база?**
Со пријателите е особено убаво да се соработува. Блискоста и непосредноста ја прават работата поопуштена, а така и резултатот е подобар. Луѓето кои ги фотографирам не сакам да ги „местам“, туку ги „ловам“ во некој момент каде што тие и амбиентот прават некоја интересна приказна, а за тоа пријателите се најдобри модели. А, дури се и фотогенични...

**Кој агол е најсоодветен за прикажување на вистинскиот профил на ликот на човекот?**
Секој човек има повеќе агли на својата личност. Во фотографијата битно е кој од нив ќе го осветлиш, а кој ќе го оставиш во сенка.

**Што според вас значи изразот „градско дете“?**
Тоа е дете израснато на асфалт, меѓу згради и блокови, под неонски светла... Знае да се вљуби, да страда, но и да преболи... И пак да се вљуби... Тој е вечен романтик кој постојано бара начин да избега од урбаниот хаос без кого, всушност, не може...

**Кој профил на градот (Скопје) најмногу ве инспирира?**
Фасциниран сум од градот како феномен, како цивилизациско достигнување. Скопје, како град во кој сум роден и живеам, природно ми е најблизок за истражување и најчесто се појавува како моја инспирација, но тоа може да биде и кој било друг град. Доволно е да ме привлече и ќе се создаде чудната врска помеѓу човекот и градот, чудно меѓусебно прифаќање.

**Како течеше процесот на создавање на стрипот „КШШЦ“?**
Процесот можам да го поделам во два дела: полесниот и потешкиот. Полесниот дел беше да се напише сценариото, да се исцртаат тие 500-тина цртежи, вклопени во 124 табли и да се подготват за печатење. Потешкиот дел беше да се најдат средства како тоа дело да се издаде. Но, го знаете она со човекот, желбите, вселената и помагањето... ■



